# ПРОМОЦИЈА НА ЗДРАВЈЕ СПРОВЕДЕНА ВО СКОПСКИОТ РЕГИОН ВО ВТОРО ПОЛУГОДИЕ 2016 ГОДИНА



Центарот за јавно здравје Скопје во второто полугодие од 2016 година, продолжи со промоција на здравјето на населението во Скопскиот регион.
Промоцијата на здравјето се спроведуваше согласно Национална годишна програма за јавно здравје за 2016 година од Министерството за здравство во Р. Македонија.

Во второто полугодие во 2016 година беа одржани 647 предавања и 9 трибини во основните и средните училишта, а исто така беа опфатени предучилишни деца и старите лица.

Во основните училишта беа одржани 441 предавање, во средните училишта 201 предавање, беа опфатени и старите лица со едно предавање, додека во предучилишните установи беа одржани 4 предавања.

Во ***Советувалиштето за откажување од пушење*** при Центарот за јавно здравје Скопје се одржани 16 групни предавања и 3 индивидуални едукации.
Во ***Советувалиштето за сексуално и репродуктивно здравје*** се советувани сто лица.

Исто така, во Одделението за Социјална медицина се одржуваат предавања за основни знаења за безбедност на храната на лица кои ги посетуваат Обуките за безбедност на храната во кои учествуваат и стручни кадри од другите одделенија од Центарот за јавно здравје. За таа цел се одржани 240 предавања.

## I Здравствена едукација на предучилишни деца

Во општините Ѓорче Петров и Аеродром се посетени јавните детски установи за згрижување на предучилишни деца со опфат на 142 деца со одржани 4 предавања на темите Лична хигиена и Правилна исхрана. Предавањата беа одржани во ЈОУДГ "Росица" и ЈОУДГ "Буба Мара".



**ЈОУДГ БУБА МАРА – ОПШТИНА АЕРОДРОМ**

## II Здравствена едукација на ученици во основните училишта

Во основните училишта беа одржани вкупно 441 предавање со опфат на 6863 ученици. Предавањата беа одржани во општините: Чучер Сандево, Шуто Оризари, Гази Баба, Кисела Вода, Сарај, Бутел, Сопиште, Аеродром, Ѓорче Петров, во следните училишта:

- О.У. ,,Свети Кирил и Методиј"
- О.У. ,,Александар Урдаревски"
- О.У. ,,26 јули"

- О.У. ,,Дане Крапчев”
- О.У. ,,Невена Георгиева- Дуња”
- О.У. ,,Рајко Жинзифов”
- О.У. ,,Емин Дураку”
- О.У. ,,Ибе Паликуќа”
- О.У. ,,Драга Стојановска”
- О.У. ,,Јоаким Крчовски”
- О.У. ,,Лиман Каба”



**О.У. ,,26 ЈУЛИ”- ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ**



**О.У. ,,26 ЈУЛИ" - ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ**

Во споменатите училишта предавањата беа одржани на следните теми:

- Лична хигиена
- Превенција од небезбедна вода за пиење
- Исхрана – Здрави училишни оброци
- Здравствен бенефит од редовни физички активности
- Болести на зависност (Алкохолизам, Наркоманија и Пушење)

## III Здравствена едукација на ученици во средните училишта

Во втоото полугодие од 2016 година, Одделението за социјална медицина започна со реализација на активностите за промоција на здравјето во средните училишта.

За таа цел беа посетени две средни училишта и тоа: ДУГС ,,Димитар Влахов" во Општина Аеродром, и СЕПУГС ,,Арсени Јовков" во општина Бутел.

Во средните училишта беа одржани 201 предавање со опфат на 2183 ученика. Предавањата беа одржани на следните теми:

- Здрави училишни оброци
- Сексуално преносливи инфекции и
- СИДА



**СЕПУГС ,,АРСЕНИ ЈОВКОВ" – ОПШТИНА БУТЕЛ**



**СЕПУГС ,,АРСЕНИ ЈОВКОВ" – ОПШТИНА БУТЕЛ**

## IV Одржување трибини во основните и средните училишта

Во вториот  квартал од 2016 година беа одржани 9 трибини во општините Чучер Сандево, Шуто Оризари, Аеродром, Гази Баба и Бутел, во следните училишта:

- ДУГС ,,Димитар Влахов”
- СЕПУГС ,,Арсени Јовков”
- О.У. ,,Александар Урдаревски”
- О.У. ,,26 јули”
- О.У. ,,Дане Крапчев”
- О.У. ,,Рајко Жинзифов”
- О.У. ,,Лиман Каба”

Беа одржани предавања со интерактивно учество на учениците на следните теми:

- Сексуално-преносливи инфекции (2)
- СИДА (1)
- Здравствени ризици од неправилна исхрана (1)
- Здравствен бенефит од редовни физички активности (1)
- Болести на зависност (2)
- Превенција од небезбедна вода (1)
- Пубертет (1)

На предавњата се користеа здравствено-воспитни средства (брошури и флаери) изготвени од Отсекот за промоција на здравјето како и пропаганден материјал од Институтот за јавно здравје на РМ.

## V Во состав на одделението по Социјална медицина функционираат две Советувалишта :

-Советувалиште за сексуално и репродуктивно здравје и

-Советувалиште за откажување од пушење.

Во второто полугодие од 2016 година во Советувалиштето за сексуално и репродуктивно здравје беа одржани 4 предавања на следните теми:

- Сида(2)
- Сексуално преносливи инфекции (2)

Со активностите од Советувалиштето беа опфатени сто ученици кои пополнија анкетни прашалници; понатаму се изврши евалуација на истите, а, воено поради интерес на учениците, беа дадени вкупно 146 совети од споменатата област. Исто така, беа поделени 155 брошури и флаери.

**Советувалиште за откажување од пушење**

Во втората половина од 2016 година, од клиентите кои ја посетуваа Обуката за основни знаења за бебедност на храната беа анкетирани 47 лица со Анкетен прашалник за откажување од пушењето. Групната едукација се одржуваше на тема за пушењето како ризик фактор за појава на хронични незаразни болести како последица од долгогодишно пушење. За таа цел беа одржани 4 предавања. Во однос на индивидуалните едукации, Советувалиштето не беше посетено од ниту еден клиент .

Исто така, клиентите беа поканети да го посетат Советувалиштето за откажување од пушење, по нивната одлука за започнување со откажување од пушење со помош на индивидуална едукација која ја спроведува тим од лекар и медицинска сестра.

## VI Здравствена едукација на работници

**Обуки за основни знаења за безбедност на храната**

Центарот за јавно здравје Скопје континуирано продолжи со одржување на Обуките за основни знаења за безбедност на храната и во второто полугодие од годината. За таа цел беа одржани 240 предавања во и вон ЦЈЗСкопје. Едукативните предавања беа одржани од специјалисти по социјална медицина, специјалист по хигиена и здравствена екологија, специјалист по епидемиологија, доктори по општа медицина.

## VII Превенција и унапредување на здравјето на стари лица

Во општина Ѓорче Петров во ПУСЗ Геронтос БМ стручно лице ја посети приватната установа за згрижување на стари лица. За таа цел беше одржано едно предавање на тема ,,Унапредување на здравјето на стари лица". На предавањата присуствуваа 25 лица кои се згрижени во приватната установа.



**ПУСЗ ,,ГЕРОНТОС БМ"**

## VIII Континуирана едукација на вработените во Одделнието за социјална медицина

Во периодот од 17-21 октомври 2016 година, четворица вработени од Одделението за социјална медицина беа на едукација во Софија во Националниот Центар за заразни болести и паразитологија во Република Бугарија на стручно усовршување во областа на микробиолошка дијагностика на опасни бактериски инфекции.



**НАЦИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ И ПАРАЗИТОЛОГИЈА, СОФИЈА, Р. БУГАРИЈА**

Исто така, вработените земаа активно учество на Работилница ,,Минимален пакет на услуги за сексуално и репродуктивно здравје во кризни состојби" во период од 24-26 ноември, 2016 година во Хотел Арка во Скопје, во организација на Министерството за здравство во соработка со УНФПА - Фонд за население на Обединетите нации.



**РАБОТИЛНИЦА ХОТЕЛ ,,АРКА” - СКОПЈЕ**

Во месец ноември 2016 година, вработените од Одделението за социјална медицина активно учество земаа во повеќе работилници и тоа:

- Иницирање на процесот на подготовка на Националниот акциски план за здраво стереење ;
- Завршна Конференција во рамките на проектот Превенција од ХИВ и употреба на дроги помеѓу граѓаните од пограничните области.



- **Денови на превентивна медицина во Р. МАКЕДОНИЈА**

,, Здравје за сите-сите за здравје”, во Конгресниот Центар на Универзитетот ,, Свети Кирил и Методиј” во Охрид.

## IX Изготвен едукативен материјал

Во второто полугодие од 2016 година во Отсекот за промоција на здравјето се изготвени:

- Флаер на тема: Физичка активност и старите лица
- Брошура на тема: Превенција од повреди-сообраќаен трауматизам

20.01.2017, Скопје

---

Изготвил: Прим. д-р сци. Персида Малинска, Специјалист по социјална медицина со организација и економика на здравствена заштита